Република Северна Македонија
НОТАР
Зорица Пулејкова
за подрачјето на Основните судови
на градот Скопје
Кузман Јосифовски Питу 15

ОДУ број 201/24

ЗАПИСНИК-ИЗВОД

16 јули 2024 година -----------------------------------------------------------------------------------
Шеснаесетти ден, месец јули, две илјади и дваесет и четвртта година -------------------------
Во Скопје, во 12 (дванаесет ) часот, 0 (нула) минути.------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Јас, нотар Зорица Пулејкова, со службено седиште на бул.Кузман Јосифовски Питу број 15 во Скопје, денес, на 16 јули 2024 година (шеснаесетти ден, месец јули, две илјади и дваесет и четвртта година), на покана од СТОПАНСКА БАНКА АД Скопје, со седиште на ул. 11 Октомври број 7 во Скопје, присуствував на седница на Собранието на акционерите на Банката која се одржа на денешен ден во седиштето на Банката на ул. 11 Октомври број 7 во Скопје, со почеток во 12 (дванаесет) часот и 0 (нула) минути, при што, согласно одредбите од Законот за нотаријатот, и член 407 во врска со член 383 став 3 од Законот за трговските друштва, го составив следниот ------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**ЗАПИСНИК ОД СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИТЕ**
**на СТОПАНСКА БАНКА АД Скопје**

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од страна на СТОПАНСКА БАНКА АД Скопје на мое барање ми беше предочена следната документација: -------------------------------------------------------------------------------

1. Тековна состојба на Банката од Единствениот трговски регистар издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, од која утврдив дека СТОПАНСКА БАНКА АД Скопје, со седиште на ул. 11 Октомври број 7 во Скопје, е запишна во Единствениот трговски регистар што го води Централниот регистар на Република Северна Македонија, со ЕМБС 4065549; ------------------------------------------
2. Акционерска книга на СТОПАНСКА БАНКА АД Скопје, со состојба на ден 15.07.2024 година, во која се евидентирани акционерите на Друштвото, со вкупен број на обични акции 17.460.180 и вкупен број на гласови 17.460.180, како и акционерите на Друштвото, со вкупен број на приоритетни акции 227.444, без право на глас. ----
3. Список на присутни акционери сопственици на обични акции или нивни претставници, со број на акции односно гласови. Од наведениот список, по неговата верификација, се утврди дека на седницата на собранието се присутни со лично присуство и по пат на кореспонденција акционери на Банката кои се сопственици на обични акции и нивни застапници или полномошници, со вкупно 16.542.910 гласа, што претставува 94,7% од вкупниот број на обични акции со право на глас, и акционери на Банката кои се сопственици на приоритетни акции и нивни застапници или полномошници, со вкупно 3.498 гласа, што претставува 1.5 % од вкупниот број на приоритетни акции без право на глас. ----------------------------

---

Седницата ја отвори г-ѓа Соња Николовска која откако ги поздрави присутните акционери и ги информира присутните акционери и нивните полномошници и застапници дека преводот на денешната седница ќе биде извршен од страна на овластен преведувач Ана Василева од англиски на македонски јазик и обратно која ќе врши превод на обраќањата на оние говорници кои ќе зборуваат на странски јазик. Исто така, при регистрацијата на акционерите за денешната седница на собранието на акционери, сите акционери и полномошници на акционери имаат добиено картончиња за гласање со бројот на акции кои ги поседуваат или претставуваат и кои ќе бидат употребени при гласањето. г-ѓа Соња Николовска ги замоли акционерите и нивните застапници или полномошници при гласањето да ги подигаат картончињата за гласање заради транспарентно броење и објавување на гласовите. ---------------------------
Во формалниот дел од отворањето на седницата со избор на органите на Собранието. Г-ѓа Соња Николовска предложи за претседавач на седницата на Собранието да биде избрана г-ѓа Јелена Саздовска, полномошник на акционер на Банката, за записничар да биде избрана г-ѓа Зорица Пулејкова, нотар од Скопје, и за бројач на гласови да биде избрана г-ѓа Снежана Спасовска, вработена Банката. ----------------------------------------------
Со оглед на тоа што друг предлог не беше доставен, се стави на гласање предлогот за претседавач на седницата на Собранието да биде избрана г-ѓа Јелена Саздовска, полномошник на акционер на Банката, за записничар да биде избрана г-ѓа Зорица Пулејкова, нотар од Скопје, и за бројач на гласови да биде избрана г-ѓа Снежана Спасовска, вработена Банката. Акционерите, односно нивните застапници и полномошници гласаа јавно, со кревање на рака и по пат на кореспонденција. За предлогот за претседавач на седницата на Собранието да биде избрана г-ѓа Јелена Саздовска, полномошник на акционер на Банката, за записничар да биде избрана г-ѓа Зорица Пулејкова, нотар од Скопје, и за бројач на гласови да биде избрана г-ѓа Снежана Спасовска, вработена Банката, акционерите односно нивните застапници и полномошници се изјаснија со 16.542.910 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ. ---------------------------------------------------------------------------------
Г-ѓа Јелена Саздовска, чиј што идентитет го утврдив преку увид во нејзината лична карта, откако се заблагодари на довербата, констатира дека на денешната седница на Собранието се поканети сите акционери на Банката преку Јавниот повик објавен во дневниот весник – Вечер, 30 дена пред одржување на седницата, односно на 14.06.2024 година и дополнување на Јавниот повик објавено во дневниот весник – Вечер на 18.06.2024 година. ---------------------------------------------------------------------
Претседавачот наведе дека на почетокот на седницата потребно е да се утврди дали има кворум за работа и дали Собранието може да донесува полноважни одлуки. Ги информираше акционерите дека за донесување на валидни одлуки секој акционер треба да ја подигне раката односно картончето со цел да гласа, а доколку раката не е подигната или ЗА или ПРОТИВ, ќе се земе дека акционерот бил ВОЗДРЖАН. Наведе дека вкупниот број на обични акции според Акционерската книга изнесува 17.460.180, а вкупниот број на приоритетни акции изнесува 227.444, односно вкупно 17.687.624 акции. Врз основа на Списокот на присутни и претставени акционери на седницата, Претседавачот констатира дека денешната седница се присутни со лично присуство и по пат на кореспонденција акционери на Банката кои се сопственици на обични акции и нивни застапници или полномошници, со вкупно 16.542.910 гласа, што претставува 94,7% од вкупниот број на обични акции со право на глас, и акционери на Банката кои се сопственици на приоритетни акции и нивни застапници или полномошници, со вкупно 3.498 гласа, што претставува 1.5 % од вкупниот број на приоритетни акции без

право на глас, така што Собранието може да продолжи со работа и да донесува полноважни одлуки. ---------------------------------------------------------------------------
Претседавачот ги информираше акционерите дека на денешното Собрание на акционери, присутни се сите членови на Управниот одбор на Банката. --------------------
Претседавачот ги информираше акционерите дека со Одлуката за свикување на оваа седница на Собранието, Надзорниот одбор предложи и Дневен ред кој е содржан во материјалите за седницата и во Јавниот повик, после што отвори дискусија по оваа точка. ---------------------------------------------------------------------------------------------------
Со оглед на тоа што никој не се јави за збор, Претседавачот го стави на гласање предложениот ---------------------------------------------------------------------------

Дневен ред

---------------------------------------------------------------------------------------------------

1. Избор на Претседавач, нотар и бројач на гласови; -----------------------------------
2. Разгледување на Записникот од 53-та седница на Собранието на акционери на Стопанска банка АД Скопје одржана на 31 мај 2024 година;-----------------------------
3. Донесување на Одлука за именување на член на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД Скопје: г-ѓа Димитра Доима; ---------------------------------------------------
4. Донесување на Одлука за именување на член на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД Скопје: г-дин Георгиос Тагарис; -----------------------------------------------
5. Донесување на Одлука за именување на член на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД Скопје: г-ѓа Јиули Толиа; ------------------------------------------------------
6. Донесување на Одлука за именување на член на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД Скопје: г-дин Панајотис Карандреас; -----------------------------------------
7. Донесување на Одлука за определување на надомест на членовите на Надзорниот одбор; -----------------------------------------------------------------------------------------
8. Донесување на Одлука за определување на надомест на членовите на Одбор за ревизија. ---------------------------------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------------------------------------------------

Акционерите, односно нивните застапници и полномошници гласаа јавно, со кревање на рака и по пат на кореспонденција. За предложениот Дневен ред акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.542.910 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ. ---------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека предложениот Дневен ред е усвоен со потребното мнозинство на гласови. ------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------

Со оглед на тоа што првата точка беше исцрпена, се премина на втората точка од Дневниот ред- Разгледување на Записникот од 53-та седница на Собранието на акционери на Стопанска Банка АД Скопје одржана на 31 мај 2024 година. Претседавачот констатира дека Записникот бил изготвен, потпишан и достапен на увид на акционерите во согласност со член 407 од Законот за трговските друштва, после што отвори расправа по истиот, појаснувајќи дека акционерите по оваа точка не носат одлука. ---------------------------------------------------------------------------
Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот констатира дека Собранието го разгледа Записникот од 53-та седница на Собранието на акционери на Стопанска банка АД Скопје. ---------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на третата точка- Донесување на Одлука за именување на член на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД Скопје: г-ѓа Димитра Доима. ----------------------
Претседавачот појасни дека согласно Законот за банки и Статутот на СБ, членовите на Надзорниот одбор се именуваат од страна на Собранието на акционери. Мандатот на членовите изнесува 4 години, определено согласно Статутот на Банката. Најмалку ¼ од членовите се независни членови. Пред поднесување на предлог за именување на член на Надзорен одбор, Банката поминува постапка на селекција, оценка на соодветноста и именување координиран од страна на Одборот за именување и наградување. Во согласност со законската рамка утврдена од Законот за банки, Надзорниот одбор на СБ се состои од 7 членови, од кои 2 членови се независни а останатите се претставници на акционерите. Банката ќе ги превземе сите потребни активности за да утврдениот број на членови на Надзорен одбор биде усогласен со Статутот на Банката и Законот за банки. Во оваа насока, Собранието на акционери констатираше дека на ден 07 јули 2024 година на членовите Анастасиос Лизос и Јанис Кајулис им истече мандатот за кој беа именувани. Земајќи ги предвид законските барања, Деловниот план на СБ за периодот 2024 – 2026 година, како и препораките од Одборот за корпоративно управување и именување на НБГ Групацијата, Банката идентификува можност за дополнително зајакнување на Надзорниот одбор во насока на диверзификација на тимот во однос на полова застапеност како и застапеност на вештини од области кои се важни за идните предизвици во банкарството. Во оваа насока, Банката има подготвено Профил и било утврдено дека застапеноста на одредени функции од НБГ Групацијата треба да бидат зајакнати со цел пренос на групациско искуство, практики и стандарди. Една од тие области е финансиското работење. Следствено, Одборот за именување и наградување, на седницата одржана на 23-ти мај 2024 г., ја донел одлуката за определување на предлог за именување на г-ѓа Димитра Доима, Заменик генерален директор за Финансиско планирање и управување со перформансите на Национална банка на Грција, за член на Надзорен одбор. Согласно Одлуката на Народна банка за добро корпоративно управување во банка и Политиката за оцена на соодветноста на СБ, пред доставувањето на предлогот, Одборот за именување и наградување ја има оценето соодветноста на кандидатот за член на Надзорен одбор. Во оценка на соодветноста на кандидатот за член на Надзорен одбор, Одборот за именување и наградување ја разгледувал нејзината експертиза, искуство, и индивидуалниот придонес што би го имал кандидатот во управувањето на Банката. Одборот за именување и наградување го оцени кандидатот за соодветен за именување за член на Надзорен одбор. Биографијата на кандидатот г-ѓа Доима им била достапна на акционерите. Во согласност со Законот за Банки, предложеното именување ќе влезе во сила од моментот на добивањето на релевантната согласност од Гувернерот на Народна Банка на Република Северна Македонија. ----------------------------------------
Претседавачот отвори расправа по оваа точка. ----------------------------------------
За збор се јави акционер В.Т.. кој го поздрави изборот на г-ѓа Димитра Доима за член на Надзорниот одбор на Банката, со оглед на нејзината импресивна биографија, и изрази надеж дека од нејзина страна ќе биде прочитана неговата дискусија и во иднина ќе биде променет односот на мнозинскиот акционер спрема малцинските акционери на Банката, односно ќе се отпочне со исплата на дивиденда или ќе бидат откупени акциите на малцинските акционери. Понатаму, наведе дека добронамерно укажува дека на редовното Годишно Собрание на акционери за работата на членовите на Управниот одбор и на Надзорниот одбор треба поединечно да се гласа за секој член, како што било укажано од страна на акционер на претходната седница на Собранието на Банката. ----------------------------------------------------------------

Со оглед на тоа што никој друг не се јави за збор, Претседавачот ја затвори расправата и ја стави Одлуката на гласање. ------------------------------------------------------------------------
Акционерите, односно нивните застапници и полномошници гласаа јавно, со кревање на рака и по пат на кореспонденција. За предложената Одлука за именување на г-ѓа Димитра Доима за член на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД Скопје, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.542.910 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ. --------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои и Одлуката за именување на г-ѓа Димитра Доима за член на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД Скопје, и истата претставува Прилог кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. ---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се пристапи кон четвртата точка- Донесување на Одлука за именување на член на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД Скопје: г-дин Георгиос Тагарис. ---------------
Претседавачот појасни дека Одборот за именување и наградување, на седницата одржана на 23-ти мај 2024 г., ја донел одлуката за определување на предлог за именување на г-дин Георгиос Тагарис, Заменик Генерален Директор за Управување со финансиски ризици на Национална банка на Грција, за член на Надзорен одбор на Стопанска банка. Согласно Одлуката на Народна банка за добро корпоративно управување во банка и Политиката за оцена на соодветноста на СБ, пред доставувањето на предлогот, Одборот за именување и наградување ја оценил соодветноста на кандидатот за член на Надзорен одбор за соодветен. Биографијата на кандидатот г-дин Тагарис била достапна за акционерите. Се предлага Собранието на акционери да го именува г-дин Георгиос Тагарис, Заменик Генерален Директор за Управување со финансиски ризици на Национална банка на Грција, за член на Надзорен одбор на Стопанска банка АД Скопје. Во согласност со Законот за банки, предложеното именување стапува на сила по добивањето на потребната согласност од Гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија. Банката ќе обезбеди дека именувањето на нови членови на Надзорен одбор нема да го надмине утврдениот број на составот на одборот, односно бројот на членови ќе биде во рамките на определената големина на Надзорниот одбор согласно Статутот на Банката.
Претседавачот отвори дискусија по оваа точка. ------------------------------------------------------
За збор се јави акционер В.Т.. кој го поздрави исто така и изборот на г-дин Георгиос Тагарис за член на Надзорниот одбор на Банката, со оглед на неговата импресивна биографија, и повторно изрази надеж дека од и страна на овој член ќе биде прочитана неговата дискусија и во иднина ќе се отпочне со исплата на дивиденда со оглед на доброто финансиско работење на Банката во изминатите пет години. -------------------------
Со оглед на тоа што никој друг не се јави за дискусија, Претседавачот ја затвори расправата и ја стави Одлуката на гласање. ----------------------------------------------------------
Акционерите, односно нивните застапници и полномошници гласаа јавно, со кревање на рака и по пат на кореспонденција. За предложената Одлука за именување на г-дин Георгиос Тагарис за член на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД Скопје, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.542.910 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ. --------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои Одлуката за именување на г-дин Георгиос Тагарис за член на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД Скопје, и истата претставува Прилог кон овој Записник, кој се

наоѓа во списите на предметот. ------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

По точката пет од Дневниот ред- Донесување на Одлука за именување на член на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД Скопје: г-ѓа Јиули Толиа, Претседавачот појасни дека Одборот за именување и наградување, на седницата одржана на 23-ти мај 2024 г., ја донел одлуката за определување на предлог за именување на г- ѓа Јуили Толиа, Директор на Канцеларијата за проектен менаџмент на ИТ и ИТ менаџмент, за член на Надзорен одбор на Стопанска банка. Согласно Одлуката на Народна банка за добро корпоративно управување во банка и Политиката за оцена на соодветноста на СБ, пред доставувањето на предлогот, Одборот за именување и наградување ја оцени соодветноста на кандидатот за член на Надзорен одбор за соодветен. Биографијата на кандидатот г-ѓа Толиа била достапна за акционерите. Се предлага Собранието на акционери да ја именува г-ѓа Јуили Толиа, Директор на Канцеларијата за проектен менаџмент на ИТ и ИТ менаџмент, за член на Надзорен одбор на Стопанска банка АД – Скопје. Во согласност со Законот за банки, предложеното именување стапува на сила по добивањето на потребната согласност од Гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија. Банката ќе обезбеди дека именувањето на нови членови на Надзорен одбор нема да го надмине утврдениот број на составот на одборот, односно бројот на членови ќе биде во рамките на определената големина на Надзорниот одбор согласно Статутот на Банката. ------------------------------------------------
Претседавачот отвори дискусија по оваа точка. Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја затвори расправата и ја стави Одлуката на гласање. -----------
Акционерите, односно нивните застапници и полномошници гласаа јавно, со кревање на рака и по пат на кореспонденција. За предложената Одлука за именување на г-ѓа Јуили Толиа, за член на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД Скопје, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.542.910 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ. ------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои Одлуката за именување на г-ѓа Јуили Толиа, за член на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД Скопје, и истата претставува Прилог кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. ------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

По точката шест од Дневниот ред- Донесување на Одлука за именување на член на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД Скопје: г-дин Панајотис Карандреас, Претседавачот појасни дека Одборот за именување и наградување, на седницата одржана на 23-ти мај 2024 г., ја донел одлуката за определување на предлог за именување на г-дин Панајотис Карандреас, Директор на Сектор за меѓународни активности на Национална банка на Грција, за член на Надзорен одбор. Согласно Одлуката на Народна банка за добро корпоративно управување во банка и Политиката за оцена на соодветноста на СБ, пред доставувањето на предлогот, Одборот за именување и наградување ја оцени соодветноста на кандидатот за член на Надзорен одбор за соодветен. Биографијата на кандидатот г-дин Карандреас била достапна за акционерите. Се предлага Собранието на акционери да го именува именува г-дин Панајотис Карандреас, Директор на Сектор за меѓународни активности на Национална банка на Грција, за член на Надзорен одбор на Стопанска банка АД Скопје. Во согласност со Законот за банки, предложеното именување стапува на сила по добивањето на потребната согласност од Гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија. Банката ќе обезбеди дека именувањето на нови членови на

Надзорен одбор нема да го надмине утврдениот број на составот на одборот, односно бројот на членови ќе биде во рамките на определената големина на Надзорниот одбор согласно Статутот на Банката. ----------------------------------------------------------------------------
Претседавачот отвори дискусија по оваа точка. Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја затвори расправата и ја стави Одлуката на гласање. -----------
Акционерите, односно нивните застапници и полномошници гласаа јавно, со кревање на рака и по пат на кореспонденција. За предложената Одлука за именување на г-дин Панајотис Карандреас, за член на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД Скопје, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.542.910 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ.- -------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои Одлуката за именување на г-дин Панајотис Карандреас, за член на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД Скопје, и истата претставува Прилог кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. -----------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се пристапи кон седмата точка- Донесување на Одлука за определување на надомест на членовите на Надзорниот одбор. Претседавачот појасни дека согласно Законот за банки и Статутот на Стопанска банка АД Скопје, надоместокот за работата на членовите на Надзорниот одбор го определува Собранието на акционери, следејќи ги принципите од Политиката за наградување на Банката. Со оглед дека последната одлука на Собранието на акционери за определување на надомест на Членовите на Надзорниот одобор била донесена во август 2012 година, а земајки го во во предвид развојот на банкарството, постои потреба да се прилагоди надоместот на членовите на телата на Банката со пазарните нивоа. Дополнително, одговорните на Надзорниот одбор се значително зголемени, изискувајќи ревидирање на нивниот надоместок. Следствено, се предлага на Собранието на акционери да го одобри овој предлог со кој ќе се обезбеди дополнителна ефективност, лојалност, и задоволство во работењето на членовите на Надзорниот одбор. --------------------------------------------------------------------
Претседавачот отвори дискусија по оваа точка. -------------------------------------------------
Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја затвори расправата и ја стави Одлуката на гласање. ----------------------------------------------------------------------
Акционерите, односно нивните застапници и полномошници гласаа јавно, со кревање на рака и по пат на кореспонденција. За предложената Одлука за определување на надомест на членовите на Надзорниот одбор, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.542.910 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ. ----------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои Одлуката за определување на надомест на членовите на Надзорниот одбор, и истата претставува Прилог кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. -----
---------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се пристапи кон осмата точка- Донесување на Одлука за определување на надомест на членовите на Одборот за ревизија. Претседавачот појасни дека согласно Законот за банки и Статутот на Стопанска банка АД – Скопје, надоместокот за работата на членовите на Одборот за ревизија го определува Собранието на акционери, следејќи ги принципите од Политиката за наградување на Банката. Со оглед дека последната одлука на Собранието на акционери била донесена во 2012 година, а земајќи го во

предвид развојот на банкарството, се предлага промена на надоместокот на членовите на Одборот за ревизија што ќе доведе до прилагодување на Банката со стандардите на пазарот. Следствено, се предлага на Собранието на акционери да го одобри овој предлог со кој ќе се обезбеди дополнителна ефективност, лојалност, и задоволство во работењето на членовите на Одборот за ревизија. ------------------------------------
Претседавачот отвори дискусија по оваа точка. ----------------------------------------------
Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја затвори расправата и ја стави Одлуката на гласање. ----------------------------------------------------------------
Акционерите, односно нивните застапници и полномошници гласаа јавно, со кревање на рака и по пат на кореспонденција. За предложената Одлука за определување на надомест на членовите на Одборот за ревизија, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со 16.542.910 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ. ----------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои Одлуката за определување на надомест на членовите на Одборот за ревизија, и истата претставува Прилог кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот. -----
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------

Откако констатира дека се исцрпени сите точки од Дневниот ред, Претседавачот им се заблагодари на присутните акционери и нивни полномошници за нивното присуство и учество во работењето на Собранието, после што ја затвори седницата во 12 (дванаесет) часот и 30 (триесет) минути. ------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потврдувам дека овој акт лично го составив и лично му го прочитав на Претседавачот на Собранието, и дека го предупредив на правните последици од ваквата правна работа. ----------------------------------------------------------------------------------------
Учесникот изјави дека ги прифаќа правните последици кои произлегуваат од оваа правна работа и дека содржината на овој записник во целост одговара на дејствијата кои се случувале на седницата на Собранието. ----------------------------------------------
Овој записник е составен на осум страни од осум листа. На претседавачот на учесникот му е издаден еден извод, како и по еден извод за Стопанска Банка АД Скопје и Народната Банка на Република Северна Македонија. Изворникот на записникот се чува во мојата архива. ----------------------------------------------------------------------------
Нотарската такса по тарифен број 27 од Законот за судски такси во износ од 500,00 денари е уредно наплатена. ---------------------------------------------------------------------
Нотарската награда е пресметана во износ од 12.000,00 денари, согласно член 41 став 1 точка г и член 54 став 1 од Нотарската тарифа (Службен весник на Република Северна Македонија број 226/2016 и број 33/2019). -------------------------------------------------

Учесник во постапката, Претседавач г-ѓа Јелена Саздовска, с.р.

Нотар Зорица Пулејкова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
ЗОРИЦА
ПУЛЕЈКОВА
СКОПЈЕ

**Јас НОТАР, ЗОРИЦА ПУЛЕЈКОВА**

[illegible]

(име, презиме и седиште - адреса)

потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.

Овој е прв извод - потполн - во извадок, кон кого не се приложени - се приложени ______ преписи од прилогот на нотарската исправа.

Број: ОДУ 201/24

Во Скопје, 16.07.2024 година

НОТАР,

(потпис и печат)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на град
НОТАР
ЗОРИЦА
ПУЛЕЈКОВА
СКОПЈЕ